ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

УП1 Бр. 30-69 од 12.08.2022 год.

**ПРЕДМЕТ:** Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20) за уредување на земјиште со намена Е1.13 – фотоволтаични електрани на КП 9/25 и КП 9/26, КО Логоварди - Општина Битола

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20), Општина Битола го става на увид на јавноста Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20) за уредување на земјиште со намена Е1.13 – фотоволтаични електрани на КП 9/25 и КП 9/26, КО Логоварди - Општина Битола. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 13.08.2022 заклучно со 27.08.2022 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на Општина Битола ул.Булевар 1-ви Мај бр.61, 7000 Битола како и на е-пошта:

- bitola@t-home.mk
- contact@bitola.gov.mk
- hristijan.gov.bitola@gmail.com

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на општината.

Со почит,

Изработил, советник:

Христијан Атанасовски, д.и.а.

Одобрил, Раководител на Сектор:

М-р Тони Јовановски, дипл.град.инж.